15 години КОНЕКТ

Годишен извештај за 2023 година



Скопје,
јануари, 2024 г.

СОДРЖИНА

15 години Конект 3
Клучни постигнувања и успеси 2023 година 5
Годишен извештај за работата на Конект по стратешките области на делување 6
Филантропија 6
Градење на национална инфраструктура за филантропија 6
Градење на локална инфраструктура за филантропија 9
Унапредување на корпоративната филантропија и општествената одговорност на претпријатијата 10
Застапување 14
Застапуваме национално за подобри закони и политики 14
Застапуваме регионално и меѓународно делуваме 15
Поддршка на ГО 16
Конект во медиумите 20
Финансиите на Конект 21
Нашите донатори 23
За Конект 24

15 години Конект

Кога во 2008 година ја основавме Конект, многумина беа скептични дека организација што се занимава со овие теми може да опстане. „Зарем некој кај нас донира? Општествена одговорност на компаниите?! Па тоа е невозможна мисија кај нас!“ Ова беа најчестите реакции кога објаснував што работи нашата организација. Но и тогаш, како и денес сме водени од визијата да изградиме солидарно општество на активни граѓани што вложуваат во позитивни промени и компании кои водат етички бизнис што се грижи за животната средина и луѓето. Почнавме бидејќи недостасуваше тоа парче од мозаикот: мост помеѓу граѓаните, компаниите и граѓанските организации. Сакавме да бидеме тие што ќе овозможат донирањето да биде секојдневие и радост, што ќе им помогнат на компаниите да го трансформираат својот бизнис и што ќе ги зголемат локалните ресурси достапни за граѓанските организации.

Ние трчаме маратон, нашите резултати не се видливи веднаш, ефектите најчесто се гледаат после децении работа бидејќи градиме нова култура, вредности и ги дооформуваме темелите на граѓанското општество. **По петнаесет години посветеност и истрајност можам да констатирам дека го посадивме семето и ги видовме првите никулци на промените.** Во следните петнаесет години планираме да го ослободиме целиот филантропски потенцијал кај нас и да ја покажеме моќта на компаниите да бидат двигатели на одржлив развој. Во Северна Македонија, а и глобално ќе продолжиме со нашите напори за поволна и безбедна средина за граѓанското општество како основа за филантропијата и одржливиот бизнис.

Нашите успеси не ги постигнавме сами. Како во секоја заедница, сето ова немаше да биде возможно без посветениот тим на вработени на Конект, на нашите проектни партнери, донатори, организации и компании со коишто соработуваме, посветени професионалци од институциите, локалните организации и социјални претпријатија коишто со својата посветеност и покрај огромните предизвици нè инспирираат да продолжиме понатаму.

Придружете ни се во нашите следни подвизи!

Никица Кусиникова

Основачка и извршна директорка на Конект

„Во текот на претходната деценија и половина Конект покажа извонредна посветеност во развивање на филантропијата во Северна Македонија. Позитивното влијание го чувствува целото општество, од учениците во руралните средини, преку граѓанските организации до деловните претпријатија. Движечка сила зад сите овие разновидни активности се членовите на персоналот кои веруваат во мисијата на организацијата и инспирираат со својата посветеност. На тимот му честитам на 15 години успешна работа и посакувам уште многу успеси за Конект.“ – Марија Тодорова, основачка на Конект

„Кога ја основавме Конект разговорите за филантропија и одговорни бизниси беа реткост. Исто како и оние што ги разбираа овие теми. По 15 години оранизацијата е извор на знаење за граѓаните и семејствата што сакаат да донираат, институциите и за бизнисите што се грижат за одржливиот развој на својата, македонска средина. Горди сме што бевме пионери во креирањето на тренд. Денес тоа не се само разговори туку и конкретна помош и активности на поединци и бизниси кои сè повеќе преземаат одговорност да им помогнат на тие околу себе.“ – Горан Булдиоски, основач на Конект

„15 години не се мала работа! Кога се собравме во 2008 и ја основавме Конект не се сомневав дека Конект, воден од Никица Кусиникова и тимот соработници низ годините, ќе биде успешна организација. Конект направи повеќе, нè освести за потребата од одговорно донирање, им даде алатки на компаниите за поодговорно делување и работи со здруженијата да ја помогнат својата заедница. Секогаш го прави тоа со креативност, различно и корисно. Честитки за годишнината и ви благодарам за сè што правите!“ – Кристина Хаџи-Василева, основачка на Конект

„Во Конект се спојуваат разбирањето за потребите, визијата за можностите и храброста да се зачекори во нови и неоткриени полиња важни за развојот на граѓанското општество. Како резултат, тие ги доловуваат глобалните трендови и креираат иновативни модели за развој на филантропијата кои се спроведуваат во земјата, а и се промовираат во странство. Сето тоа е благодарност на несебичен тим, кој постојано работи со разбирање, професионалост, уметност и од срце.“ – Катерина Хаџи Мицева-Еванс, основачка на Конект



За нашиот Горан

Во јубилејната година ненадејно се разделивме од нашиот драг соработник, сојузник и пријател Горан Лазаревски. Горан беше наш претседател на управен одбор, автор на бројни трудови и публикации и соработник на низа активности. Кога ни требаше, нему прв му се јавувавме за поддршка, помош или совет и насока, и тоа секогаш го добивавме. Ќе го паметиме по вредностите, мудроста, трудољубивоста, човечноста и прекрасниот хумор. Тоа ќе го чествуваме со активности на Конект во негов спомен и со полни срца благодарност што останува дел од нашиот живот и професионален раст.

Клучни постигнувања и успеси 2023 година

Филантропија

- Подготвивме нов нацрт-предлог закон за **даночни поттикнувања на донациите и спонзорствата** со вклученост на сите чинители, како дел од нашата поддршка на Министерството за правда;
- Република Северна Македонија доби подобрен државен рејтинг од меѓународната евалуација за **усогласеноста со меѓународните финансиски стандарди за спречување перење пари и финансирање тероризам** кои се однесуваат на непрофитните организации. Нашето искуство е глобално признаено како дел од добрите пракси на државите.
- Ја создадовме **првата национална кампања за филантропија „Денови за донирање“** и го основавме првиот донаторски фонд во земјата;
- Нашите активности овозможија вредност од **3.087.283** ден во финансиски средства, добра и услуги да се донираат во 32 непрофитни организации вредни за поддршка. Овозможивме над **881 индивидуални и 68 корпоративни донатори** да ја искусат радоста на донирањето.
- Промовиравме и донирање време. **333 прекрасни волонтер(к)и** се вклучија во активностите за донирање и донираа труд и вештини во проценета вредност од 211.672 денари;
- Основавме лидерски структури во **6 општини** за одржлив развој низ локална филантропија.

Унапредување на корпоративна филантропија и општествената одговорност

- **131 претставници/чки од 101 компанија** се стекнаа со нови знаења или добија поддршка стратешки да применуваат ООП, ESG и корпоративна филантропија;
- Под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија го возобновивме **клубот на одговорни бизниси** поддржан од 36 компании;
- Ги збогативме нашите услуги и сервиси за **поддршка на бизнисите во ООП и ESG**;
- Го зајакнавме партнерството со стопанските комори за да го прошириме влијанието.

Поддршка на граѓанските организации

- **Мрежата за финансиска одржливост на ГО сега брои 121 членка**;
- **189 претставници/чки на 114 ГО и неформални групи** научија како да прибираат донации, соодветно да ги планираат, и ползуваат и да негуваат одговорен однос кон локалните донатори;
- **Особено** поддржавме повеќе новоформирани здруженија кои се надвор од Скопје и имаат помалку можности;
- **Ознаката за доверба стана препознаена алатка за подобрување и препознавање на работата на организациите**.

Регионално и меѓународно делување

- Застапувавме во регионот и меѓународно за заштита на граѓанското општество. Нашата експертиза ја споделувавме меѓународно, а македонските примери за тоа како мерките за заштита од перење и финансирање тероризам можат да ги штитат непрофитните организации и правото на здружување стана **пример во светот**.

Организациски развој и комуникации

- Го зголемивме опфатот и обемот на програмски активности. **30 активности вклучија повеќе од 600 учесници/чки**. Расте и нашето присуство во медиумите со **над 103 објави**;
- Порасна и нашиот тим.

Годишен извештај за работата на Конект по стратешките области на делување

Филантропија

Градење на национална инфраструктура за филантропија

Нашите граѓани и бизниси сакаат да донираат. Создаваме повеќе можности за тоа да го прават обмислено, со најсилен можен ефект, безбедно и брзо. Работиме на системски решенија што овозможуваат градење на култура на филантропија што се темели на доверба, отчетност и солидарност. Градиме инфраструктура што ќе биде мост на поврзување на донаторите и граѓанските организации што го менуваат животот во заедниците на подобро. Од подобри закони, до нови можности за искусување на радоста на донирањето, во Конект го негуваме обмисленото донирање што носи решавање на проблемите и нивните причинители, наместо само да ги ублажи последиците.

i. Денови за донирање и прв донаторски фонд

За прв пат кај нас организиравме национална кампања „Денови за донирање“ што траеше повеќе од 45 дена. Кампањата поддржа 28 непрофитни организации и 1 неформална група да организираат свои настани и вклучи 50 бизниси. Се донираа 2.417.848 денари во финансиски средства, добра и услуги и волонтерски труд. Целта на кампањата беше граѓаните да ја искусат радоста и моќта на донирањето и донациите да ги здружат во првиот донаторски фонд во земјата. Над 2.200 граѓани, организации и компании се вклучија во деновите за донирање и создадоа можност решенијата за подобрувањето на заедницата да се креираат со домашни ресурси. Како заокружување на целата кампања беше организиран завршниот настан кој беше осмислен како Добротворен базар на кој присутните имаа можност преку дадена донација да се стекнат со интересни празнични производи од 12 социјални претпријатија. Во рамки на кампањата со нашите партнери Индиго организиравме донаторски концерт на кој повторно се обединија ѕвездите од М2 продукцијата меѓу кои Елена Ристеска, Ламбе Алабакоски како и други познати изведувачи. Организиравме и донаторска модна аукција со донирани 19 уникатни парчиња облека изработена од 12 врвни домашни дизајнери.

За поддршка на донаторите, окрупнување на ефектите, како и за безбедност и транспарентност на донациите, во 2023 година го воспоставиме и првиот донаторски фонд во којшто се слеаја и донациите од настаните што ние ги организиравме во рамки на кампањата. Фондот ги здружува донациите од граѓаните и компаниите и ќе ги насочува кон граѓанските организации за иницијативи што имаат потенцијал за долгорочно влијание и придонес кон одржливиот развој. На тој начин покажуваме дека не постојат само странски донатори, туку дека

> Кампањата „Денови за донирање“ е од исклучителна важност за нашето општество што се развива. А развојот и унапредувањето, силно се врзани за сочувствителноста и одговорноста. Токму такви беа „Деновите за донирање“. Даваа можности за ова да се направи на дело и затоа кампањата имаше масовност каква што претходно не сме виделе. Низ различни форми многу луѓе дојдоа за првпат во допир со структурирано донирање, што пак им нуди дел од решенијата. Научивме дека здружувањето на она што секој може да го издвои за да го сподели со други е домаќински, во склоп со нашите традиции и е филантропија на дело. Оваа кампања успеа да го подобри нашиот менталитет на донирање. – Огнен Јаневски, гласноговорник во кампањата „Денови за Донирање“.

секој граѓанин и компанија во Северна Македонија може да биде донатор. Од друга страна, за граѓанските организации, особено оние помалите, ќе отвориме нов, важен извор на дополнително финансирање за реализирање на нивните мисии.

ii. Донаторски кружок

Изминатата година се одржа четвртиот донаторски кружок во Брик Бар каде стотина граѓани поттикнати од компаниите за еден час здружено донираа 641.000 ден, додека вкупната поддршка во финансии, добра и волонтирање достигна вредност од 881.107 денари. Ова го прави овогодинешниот кружок најуспешен до сега!

„Има посебна енергија во здруженото донирање. Создава заедница на луѓе што делат вредности и решаваат самите да сторат нешто, наместо да чекаат решенија за проблемите да им дојдат од надвор. Донаторскиот кружок ни ја негува надежта во добрината на луѓето. Конект 15 години е алка на поврзување на донаторите со организациите што се двигатели за подобро општество“ – Никица Кусиникова, извршна директорка на Конект

Под мотото „Придружи се, испланирај, донирај!“ донаторскиот кружок на Конект веќе стана заедница од индивидуални филантропки и филантропи кои знаат дека со обмислено и паметно донирање можат да придонесат за суштинско решавање на проблемите.

На настанот се донираше за три граѓански организации со иницијативи за социјално претприемништво знаејќи дека тие се идеален модел за инклузивен и одржлив развој. Организациите се претставија преку својот бизнис-модел кој овозможува подобар живот на лицата со попреченост и работно ангажираат лица што е многу тешко да се вработат.

Конект се грижи донаторите да се сигурни дека нивните донации се користат на најдобар начин. Еве што се постигнувањата до крајот на 2023та:

„Здружение за афирмација на правата на лицата со попреченост Икуалити“ од Скопје – Започнаа со обмислување на првата прототип колекција на приспособена, современа облека што ќе биде соодветна за лица со попреченост намалувајќи ја потребата од помош од друго лице при облекување. „Икуалити“ со корисници со попреченост работеа на испитување на материјалите и ги тестираа различните начини на закопчувања итн. Се вмрежија меѓународно и со нетрпение чекаме да ја изработат колекцијата.







„Ековита“ од Неготино – Со декади искуство и експертиза, создаде специјален, еколошки супстрат за едноставно одгледување на печурки. Тие може да се одгледуваат дома или во старата гаража. Во услови на економска криза ова е одлична можност за сите соочени со глад или безработица. Донациите на кружокот овозможија 25 невработени млади да научат како да одгледуваат печурки и самите да си заработуваат. Направија и нов производ: тестенини од лековити печурки што одлично се продаваа на нашиот добротворен базар. Донациите од кружокот кренаа интерес и на други донатори, па така сега „Ековита“ користи соларна енергија за производството.





„Донациите од донаторскиот кружок ни помогнаа малите групни домови да опстојат и отворија можности лицата со попреченост да се социјализираат и интегрираат во заедницата каде живеј ат.“ – Далиборка Златева, директорка на ЗЛЦПДП Велес

„Здружение за лица со церебрална парализа и други попреченост и“ од Велес – Донациите од кружокот го поддржаа сервисот за 24-часовна нега и живеење со поддршка на лицата со попреченост во четирите мали групни домови во Велес и Градско кои се одржуваат и со социјално претприемништво. Така, тие имаа активности за оспособување и вклучување во производството на креми, масла и чаеви. Научија да сортираат органски невен и лаванда, да пакуваат и лепат етикети. Кога требаше итна







медицинска помош здружението ги носеше во Скопје, а родендените ги славеа заедно во дворот. Дониравме за инклузија и достоинствен живот на 20 лица со попреченост.

iii. Нови платформи за граѓанско учество и лесно донирање онлајн

Се стремиме да бидеме клучната алка за поврзување на донаторите со граѓанскиот сектор и во дигиталниот простор. Користејќи ги новите технологии им овозможуваме на сите да бидат дел од позитивни општествени промени и кога по напорниот работен ден одмараат дома на тросед или додека пијат кафе со пријателите. Граѓанскиот активизам, поврзувањето на различните чинители за да си направат подобри заедници и филантропијата ги селиме онлајн. Во 2023 год. посветено работевме на обмислување и програмирање на **нова најсовремена дигитална платформа за групно донирање** („crowdfunding“) „Оп- оп“ што ќе овозможи дигитален простор за поврзување на донаторите и примателите, како и на „Комунити“ – дигиталната платформа за граѓанско учество и комуникација со општините. Со нетрпение очекуваме овие софистицирани онлајн системи да ги отвориме за широка употреба на национално и локално ниво за секој да може само со неколку клика да донира и влијае во својата заедница.

Градење на локална инфраструктура за филантропија

„Доброто на заедницата е доброто на секој поединец во неа“. Конект во 2023та започна добрите практики да ги пренесува и на локално ниво со цел заедниците да создадат одржливи системи што ќе ги поттикнуваат и вклучуваат сите нејзини чинители, здружено, да бидат двигатели на развојот и благосостојбата на заедницата.

Конект воспостави соработка со шест општини (Гевгелија, Гостивар, Охрид, Струмица, Чаир и Шуто Оризари) кои потпишаа Меморандуми за разбирање и формално ја изразија својата посветеност и партнерство за активно да придонесат кон ангажирање на граѓаните и здружување на ресурсите кон одржлив локален развој. Посветено работиме за да создаваме алатки со кои локалните чинители заеднички ќе ги идентификуваат и ќе нудат решенија за подобрување на животот во заедницата преку: „Комунити“ – платформа за граѓанско учество на заедницата; пристап до секое домаќинство преку поддршката и мрежата на ЕВН, локални акциски јадра и лидерски групи.

Во 2023 година станавме партнери на шест локални граѓански организации што ќе делуваат како локални акциски јадра во шесте општини. Тие ќе ги поттикнуваат граѓаните активно да се вклучат, да предлагаат идеи за решавање на предизвиците во нивните заедници. Ќе ги поврзуваат со други ГО, компании и локални институции за да ги здружат ресурсите. На тој начин, преку меѓу-секторски партнерства и здружување на расположивите локални ресурси самите граѓани ќе станат двигатели на локалниот развој. Неколку од локалните акциски јадра беа дел од националната кампањата „Денови за донирање“ и делуваа како катализатори на локалната филантропија.

Во 2023 година спроведовме проценка на капацитетите за самоодржливост чија цел беше да се процени потенцијалот за самоодржливост во општините од аспект на достапноста на локални ресурси за локален развој и развој на заедницата. Извештајот утврди дека иако во повеќето опфатени општини постојат ресурси, меѓу-секторската соработка е генерално на доста ниско ниво особено од аспект на вклучување на бизнис заедницата. Анализата ја потврди релевантноста на активностите кои ги спроведува Конект на локално ниво и ќе им послужи на општините и локалните чинители како ресурс во зајакнување на локалното лидерство и ресурси.

Унапредување на корпоративната филантропија и општествената одговорност на претпријатијата

Континуирано соработуваме и работиме со претпријатијата за да ги препознаат влијанијата од нивниот бизнис врз општеството и животната средина и да изградат одговорна бизнис стратегија и практики. Им помагаме да ги намалат негативните влијанија и да бидат двигател на позитивни, одржливи промени во општеството. Преку специјализирани решенија или заеднички програмски платформи им помагаме на компаниите да ги идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за корпоративна филантропија и општествена одговорност и ESG.

i. Возобновен Клуб на одговорни бизниси

Го возобновивме клубот на одговорни бизниси со настан под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски. Клубот обединува бизниси со докажано искуство во општествено одговорните практики со истомисленици, посветени на позитивно влијание врз општеството и животната средина. Клубот на одговорни бизниси има неколку клучни компененти:

Колективно влијание – со здружување на силите, бизнисите во клубот можат да го засилат своето влијание и да поттикнат значајни општествени промени. Заедно, можеме да се справиме со глобалните предизвици како што се климатските промени, социјалната нееднаквост и исцрпувањето на ресурсите.

Вмрежување и соработка – клубот нуди единствена можност за членовите да се вмрежуваат и да соработуваат со други одговорни бизниси, поттикнувајќи иновации и меѓуиндустриски партнерства.

Споделување на знаење – пристап до мноштво ресурси, најдобри практики и стручни сознанија за да им се помогне на бизнисите да ја интегрираат одржливоста во нивните операции и корпоративна култура.



Настан за возобновување на клубот на одговорни бизниси

Заложби за поддршка на клубот и градење одговорен бизнис дадоа 36 бизниси лидер(к)и и со тоа се посветија на учество во решенијата на локалните предизвици, лидерство и континуирано инвестирање во развојот и иднината на земјата на нејзиниот пат кон членство во ЕУ.

„За жал, тоа што во развиените земји е долга традиција, кај нас сè уште е во почетните фази од развојот и оттука, навистина е потребна сета можна поддршка на овие процеси. Верувам дека целите на проектот на УСАИД „Партнерства за донирање“, а тие се: да се зголеми нивото и опфатот на донирањето од страна на корпорациите и поединците во земјата и во исто време, да се намали зависноста од странските донатори, заедно со намерата да се поттикнат хуманите поединци, а бизнисите да наменат барем 2% од годишниот обрт за развојот на заедницата, се апсолутно остварливи. Се разбира, за остварување на било која цел е потребна верба, посветеност и меѓусебна соработка, а, здружени можеме да направиме разлика“, истакна претседателот Пендаровски во обраќањето

„Многу е важно сите граѓани – без разлика дали се јавни службеници, сопственици на бизнис или членови на заедници – да придонесат за иднината на една земја со инвестирање во нејзиниот развој. Владата на САД, исто така, инвестира во иднината на земјава, а ние сме возбудени што ќе соработуваме со приватниот сектор преку клубот на одговорни бизниси, кој што е збир на напредни и општествено одговорни бизнис лидери” – рече Џери Дајбл, директорка на УСАИД во земјава.

ii. Стратешка филантропија



Обука за стретешка филантропија во партнерство со Американската стопанска комора

Служиме како извор на знаење и ги градиме капацитетите на компаниите. Со тоа помагаме нивната корпоративна филантропија, општествена одговорност, ESG и други одржливи практики да бидат поефикасни и да сврзат со водењето бизнис.

Годинава развивме нова програма за обуки за стратешка корпоративна филантропија. Обуката овозможува компаниите да ја осознаат разликата помеѓу стратешка филантропија и еднократното, хуманитарно донирање.

Парициптативниот приод на обуките во соработка со нашите партнери од коморите ја поттикна умешноста на учесниците да дефинираат стратешки приод за својот бизнис и насочено да ги одберат примателите на нивната поддршка наместо да реагираат ад хок на барања.

iii. Бизнис и човекови права

Продолживме да работиме на градење на капацитетите на компаниите и да ги едуцираме за клучната улога која тие ја играат во заштитата и унапредувањето на човековите права. Одржавме низа обуки и овозможивме 37 претставници на компании да ги подобрат своите знаења, а 6 компании со над 698 вработени добија скроена менторска поддршка. Преку менторството тие имаа можност да ги подобрат своите

„Обуката ми помогна да разберам како да ги заштитам моите лични податоци и како да ги заштитам личните податоци на вработените [...] ми помогна да увидам како да направиме подобрување и промена на некои практики во компанијата и како да ги спроведеме.“ – учесник на обуката за бизнис и човекови права и заштита на лични податоци

политики и практики за приватност и дополнително да се усогласат со Законот за заштита на лични податоци.



Меѓу-секторската работна група за бизнис и човекови права продолжи да делува и имаше 4 средби на кои се креираа индикатори за оцена на влијанието на човековите права кои беа подготвени со поддршка на Европскиот центар за непрофитно право. Индикаторите им помагаат на институциите и ИТ компаниите. За институциите тие ќе претставуваат заштитен механизам при спроведување јавни набавки на ИТ технологии со кои ќе осигурат дека системите што ги набавуваат нема да имаат негативно влијание врз човековите права, граѓанскиот простор и филантропијата. ИТ компаниите пак, ќе ги користат индикаторите за да направат проверки во текот на дизајнирањето на своите продукти. Овие индикатори се новина и можат да се усвојуваат и користат од институциите и приватните компании, на национално и регионално ниво.





средби на меѓу-секторската работна група

Човековите права и слободи можат да се загрозени или унапредени од вештачката интелигенција и новите технологии. Кај нас малку се знае за оваа тема, па во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право од Хаг организиравме 3 работилници на оваа тема. Така 78 учесници/чки од државните институции, бизнисот, граѓанскиот сектор, академијата, синдикатите и медиумите сега ја разбираат темата и знаат кои се клучните придобивки и ризици од технологиите за кои сите сме љубопитни.

„Ги разбрав клучните технички термини поврзани со вештачката интелигенција и можете да ги идентификувате влијанијата врз човековите права на овие системи“. – учесник/ка од 1-та работилница за вештачка интелигенција



Конектирај се!

Промените се прават заеднички. Компаниите можат во различни форми да ги поддржат граѓанските организации и нивната благородна работа. Ваквите партнерства се реткост, па затоа продолжуваме со нашиот сервис за поврзување на бизниси и ГО „Конектирај се!“. Онаму каде идентификуваме потенцијал за соработка работиме со двете страни, ја олеснуваме првата средба за со наша помош да се идентификуваат можните форми на соработка. Го олеснуваме процесот на соработка и негуваме партнерства што се долгорочни.

„Уште една година вистински пријателства за важни промени. Пријателството помеѓу Shortlist и Конект започна во 2022 кога со помош на нивната експертиза не поврзаа со Отворете ги прозорците на кои им станавме кумови поддржувачи. Во 2023 година, го продолживме тоа кумство, со што се потврди способноста за проценка и компетентност на Конект. Се надеваме дека во иднина ќе имаме можност да остваримe уште повеќе донации и соработки за да придонесеме до значајни промени заедно со Конект “. – Пепица Манчева, виша маркетинг менаџерка, Shortlist

Цели за одржлив развој (ЦОР)



Целите за одржлив развој претставуваат поттик кон градење партнерства и заеднички активности на ГО, бизнис секторот и институциите. Тие се платформа за градење на меѓу-секторски партнерства за постигнување промени кои позитивно ќе влијаат на развојот и заедниците. Континуирано работиме на Цел 17: Партнерства за остварување на целите. Различни сектори ги поврзавме за заеднички да работат за доброто на своите заедници охрабрувајќи ги промените што ги посакуваат да ги земат во свои раце и да ги остварат. Сите наши иницијативи се поврзани со ЦОР за активно да придонесеме за подобар и одржлив свет. Прочитајте повеќе на www.sdgs.mk.

Изминатите години во нашите иницијативи за меѓу-секторски партнерства за одржлив развој, заедно со компаниите, граѓанскиот сектор и институциите ги измапиравме приоритетните области за нашата земја каде што заеднички може да постигнеме значајни промени. Тие приоритетни ЦОР ги пресликавме и во приоритетните области на првиот донаторски фонд кај нас во областите:










Застапување

Застапуваме национално за подобри закони и политики

Продолживме активно да застапуваме и да ја ставаме на располагање нашата експертиза за законите и политиките кај нас да поттикнуваат повеќе донирање и општествено одговорни практики. Низ соработка и дијалог доаѓаме до подобри решенија.

Анализиравме низа закони со нашите партнери Европскиот центар за непрофитно право од Хаг и ги споредивме со најдобрите пракси за филантропија низ Европа. Така, направивме патоказ со промени за кои застапуваме за да ги зголемиме нивоата на донирање во нашата земја. Посебен фокус годинава повторно беше Законот за донации и спонзорства во јавните дејности чии измени можат да направат важна промена во културата на филантропија. Како резултат на нашата посветеност и експертиза, и со вклученост на сите клучни чинители, работната група формирана од Министерството за правда изготви нов нацрт-предлог закон што ја олеснува процедурата и ги отстранува идентификуваните бариери за користењето на даночните поттикнувања. Очекуваме дека новиот закон ќе биде донесен во 2024 година.

Во 2023 година се уживаа плодовите на нашата посветена работа и поддршка во финализирање на Извештајот за заемната евалуација на MONEYVAL. Како официјален исход Северна Македонија доби подобрен државен рејтинг и меѓународно признание за усогласеноста со стандардите на ФАТФ кои се однесуваат на непрофитните организации - НПО (Препорака 8 и Директен резултат 10) и со тоа се зголеми оценката на нашата држава од „делумно усогласена“ на „усогласена во голема мера“. Целосниот извештај е достапен овде. За граѓанските организации ова е особено важно бидејќи ја потврди проценката дека најголемиот дел од ГО кај нас не се воопшто под ризик да бидат злоупотребени за финансирање тероризам што отвара пат за намалување на правните и административните бариери со коишто се соочуваат организациите како последица на регулативата за спречување перење пари и финансирање тероризам.



Оваа година продолживме да застапуваме и за носење на полезен Закон за социјално претприемништво, ја следевме даночната регулатива за непрофитните организации и поттикнувавме волонтерство. Овие прописи се важни за здруженијата на граѓани да се развиваат и да стануваат самоодржливи организации.


Од фокус ни беа и актите што се однесуваат на општествената одговорност, па членуваме и се вклучивме во возобновување на националното координативно тело за ООП. Застапувавме и за носење на национален акциски план за бизнис и човекови права.

Застапуваме регионално и меѓународно делуваме



Учесници на консултациите за Глобалната студија

Поради нашата значајна експертиза во областа на спречување перење пари и финансирање тероризам, продолживме активно да застапуваме на регионално и меѓународно ниво преку Глобалната коалиција на граѓански организации за човекови права и спречување тероризам и Глобалната НПО коалиција за ФАТФ. Заедно со колегите активно учествувавме и застапувавме на клучните меѓународни настани и институции на највисоко ниво вклучително и кај Извршниот директорат на Советот за безбедност на ОН, Комитетот за борба против тероризмот, ЕУ итн со цел да ги промениме меѓународните стандарди и политики за спречување тероризам (и финансирање тероризам) коишто имаат негативни последици врз граѓанските организации и активисти (глобално и национално) и да осигураме дека тие нема да се злоупотребуваат за ограничување на граѓанското здружување и делување. Како резултат на застапувањето, во 2023 година ФАТФ ја ревидираше Препораката 8 во насока на експлицитно барање за пристап базиран на ризици во третманот на непрофитните организации.



Нашите позитивни искуства од меѓу-секторската соработка со Управата за финансиско разузнавање, финансиските институции и ГО како и постигнувањата во оваа област ги споделивме и во ревизијата на Трудот за најдобри практики на FATF[1]. Нашите препораки беа се во целост вградени и преку овој официјален документ служат како позитивен пример и пракса на меѓународно ниво.

За потребите за првата независна Глобална студија за влијанието на мерките за борба против тероризмот врз граѓанското општество и граѓанскиот простор, заедно со Специјалниот известувач на Обединетите Нации за промоција и заштита на човековите права и основни слободи при спречување тероризам, организиравме регионални консултации за Централна и Источна Европа. Консултациите се одржаа во Скопје, каде 27 претставници/активисти на граѓански организации од 13 земји од Централна и Источна Европа ги споделија своите искуства за влијанието што политиките и мерките за спречување тероризам го имаат врз нивното граѓанско општество и граѓански простор. Како резултат од консултациите развивме и документ кој се искористи за директен придонес во „Глобалната студија на ОН за влијанието од мерките за спречување тероризам врз граѓанското општество и граѓанскиот простор“. Таа се лансираше на 21 јуни 2023 година во Њујорк за време на неделата за спреување и како дел од настаните во рамки на конференцијата, извршната директорка на Конект имаше можност директно да ги претстави резултатите од регионалните консултации, отворајќи ги вратите за дополнителна соработка на глобално ниво.

[1] FATF, Best Practices Paper on Combating the Abuse of Non-Profit Organisations (Recommendation 8), available at: https://www.fatf-gafi.org/content/dam/fatf-gafi/guidance/BPP-Combating-TF-Abuse-NPO-R8.pdf.coredownload.inline.pdf





ISSUE IN FOCUS

Terrorist Financing Risk Assessments

In 2020, the North Macedonian civil society organization Konekt reached out to the Financial Intelligence Unit to update the national terrorist financing risk assessment before a FATF evaluation. The joint government-civil society terrorist financing risk assessment that followed downgraded civil society organizations from "high risk"—finding instead a subset (13 per cent) of civil society organizations at "low-medium" risk for terrorist financing, with the remainder "low risk."

Source: European Center for Not-for-Profit Law (ECNL) Learning Center, Risk Rating for CSOs Reduced in Collaborative Process for Risk Assessment in North Macedonia (2020); see also Konekt & ECNL, Handbook for Non-Profit Organiza-

Во изминатата година заедно со граѓански организации од ЕУ застапувавме за регулација на вештачката интелигенција што ќе осигура заштита на човековите права. Затоа, заедно со 150 организации ја потпишавме изјавата: „Триологии на ЕУ: Актот за вештачка интелигенција треба да ги заштити правата на луѓето“ и со нејзе ги повикавме институциите на ЕУ да обезбедат развојот и употребата на вештачката интелигенција ќе биде одговорна, јавно транспарентна и дека граѓаните ќе имаат можност да пријават потенцијални штети и злоупотреби.


Поддршка на ГО

i. Мрежа за финансиска одржливост на ГО

Мрежата за финансиска одржливост на ГО брои зголемен раст во изминатата година и го прослави својот 5ти роденден. 2023та ја заокружиме со 121 член во мрежата. Дополнително заеднички работевме на мобилизирање на членството во клучни процеси за граѓанскиот сектор. Во таа насока членки на мрежа беа активно вклучени во работната група за Законот за донации и спонзорства во јавните дејности како и во подготовката на Предлог на Законот за социјално претприемништво.

ii. Непрофитните организации и спречувањето перење пари и финансирање тероризам

Како водечка организација која ја има клучната експертиза и знаење за прашањата поврзани со спречување перење пари и спречување финансирање тероризам, особено од аспект на превенција и заштита на непрофитните организации (НПО), во 2023та работевме на јакнење на капацитетите на регионално ниво. Во таа насока заеднички со Human Security Collective и Partners Albania, спроведовме онлајн обуки преку кои го зголемивме знаењето на 41 учесник од 36 ГО од 6-те земји од Западен Балкан. Преку практични вежби и примери им посочивме како овие прашања се релевантни и за нивните ГО и да знаат како да превенираат и да се заштитат од потенцијални злоупотреби. 68% од овие учесници за прв пат учествуваа на обука поврзана со темата спречување перење пари и спречување финансирање тероризам, со што придонесовме за посвесно да се приоѓа и разбира знаењето за оваа проблематика.



Регионална онлајн обука за НПО

Дополнително, граѓанските организации од Западен Балкан ни пристапија за да го адаптираат „Прирачникот за НПО – Спречување на изложеноста на непрофитниот сектор на перење пари и финансирање тероризам“, соодветно на нивниот национален контекст. Ова покажува дека нашата едукативна програма има поголемо влијание и може да се прилагоди на други национални/меѓународни контексти. Поради зголемениот интерес годинава реиздадовме македонската и англиската верзија од прирачникот. Научете повеќе за оваа тема <<овде>>.



iii. Обуки и менторство за мобилизирање локални ресурси

„Комбинацијата на обуки и менторство на Конект е различно од сите претходни едукации на кои сме учествувале. Преку Конект за прв пат научивме како да се поврземе со бизнисите.“ – Анонимен испитаник во прашалникот за евалуација

Граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнисите во постигинувањето на промени во заедниците во кои делуваат. Нашите истражувања и анализи покажаа дека филантропскиот потенцијал целосно се активира кога од другата страна имаме проактивни и силни организации што одговорно прибираат донации коишто ги стават во функција за доброто на заедниците. Затоа, работиме и директно со граѓанските организации на подобрување на нивните пристапи кон локалните донатори.



Учиме низ изјава да побараме донации

Оваа година обучивме 57 претставници од 31 ГО за како полесно да дојдат до донации од бизнисите и граѓаните. Ја обновивме програмата за градење капацитети следејќи ги потребите на нашите колешки и колеги учесници. Па така, вклучивме и гости предавачи од бизнисите, медиумите и ГО што од прва рака го пренесоа своето плодно искуство. Преку примери од пракса, симулации и можност да се стават во чевлите на другите, учесниците по тридневните обуки веќе имаат готов стручен план за да почнат поуспешно да бараат донации и поддршка која е значајна за нивната благородна работа.

По обуките организациите кои посветено бараа поддршка од бизниси и граѓани ги менторираме според нивните потреби. Како резултат на тој процес тие се стекнаа со донации и поддршка во вредност 330.186 ден. Заеднички се радувавме кога за прв пат организираа специјални настани каде се стекнуваа со нови поддржувачи или продолжуваа со свои традиционални алатки на прибирање на донации.

„Имаме многу добра соработка со вработените од „Конект“ кои претходно ни одржаа едукативни и мотивациски работилници и не охрабрија да се активираме правејќи проекти кои се оценети како доста вредни за дијабетичарите. Не охрабривте да организираме донаторски настани со што станавме препознатливи и благодарение на тоа добивме донации но и можности за понатамошна соработка со фирми од Битола. Благодарам што ни овозможивте високо ниво на препознатливост и актуелност која многу ни значи.“ – Душанка Атанасовска, претседателка на Здружението на дијабетичари на општина Битола

iv. Ознака за доверба

Ознаката за доверба станува препознаен механизам за само-регулација во граѓанскиот сектор. Преку транспарентен процес и темелна проверка ознаката укажува на препорачани организации вредни за поддршка од донаторите. Организациите со ознака за доверба работат по високи стандарди и со посветеност на мисијата и вредностите, тие се транспарентни и отчетни, а управувањето е одговорно и осигурува законитост и безбедно раководење со финансиите.


Ознаката за доверба е отворена за сите организации. За да ги исполнат стандардите, граѓанските организации ги менторираме грижејќи се за нивните индивидуални потреби. Така тие развиваат политики, процедури и организациски растат до целосно сертифицирање. Организиравме и еднодневна работилница за ознаката за доверба да ја доближиме до нови организации на кои им ја објаснивме важноста на принципите и сите детали. Ознаката ја доделува независен мешовит стручен одбор кој прави темелна проверка. Членовите се со различна

„Работилницата ни помогна не само во насока на запознавање со Ознаката за доверба, туку како ГО ни даде патоказ за како да се движиме во рамките на градење силни граѓански организации. – Славица Тасева, претседателка на Асоцијација на советници за развој на кариера – АСК

експертиза и нивните согледувања поттикнуваат организациски раст на ГО. За да се подготвиме за поголем интерес за сертифицирање, годинава го проширивме составот за да опслужи повеќе организации.

Го обновивме „Водичот за здобивање на ознаката за доверба“ со новите измени на стандардите, повеќе препораки и визуелни прикази што им се полезни на организациите. Организациите што ќе се стекнат со Ознаката од оваа година добиваат и сертификат што може да го користат за своја промоција. По фазата на пилотирање, во 2023та година 6 граѓански организации се здобија со „Ознака за доверба“. Ознаката за доверба побудува сè поголем интерес и кај институциите, банките како и компаниите. Таа е препознаена и во светски рамки во „Трудот за најдобри практики за борба со злоупотребата на непрофитни организации од финансирањето тероризам на FATF“.[2]






[2] FATF, Best Practices Paper on Combating the Abuse of Non-Profit Organisations (Recommendation 8), available at: https://www.fatf-gafi.org/content/dam/fatf-gafi/guidance/BPP-Combating-TF-Abuse-NPO-R8.pdf.coredownload.inline.pdf

Конект во медиумите






*кликнете на фотографиите да ги прочитате објавите

Финансиите на Конект

Во 2023 година вкупните приходи на Конект изнесуваат 48.329.650 денари што претставува значителен пораст во однос на претходните години. Тоа се должи пред сè на повисоките остварени приходи за програмите за филантропија со значителен зголемен обем на проектни активности на национално, но и на локално ниво. Резултатите од тоа програмско вложување се огледа и во повеќе од двојно зголемување на донациите од граѓаните и компаниите во однос на минатата година. Иако поради зголемените програмски трошоци процентуалниот придонес на донациите од локални извори како и на сопствените приходи е релативно низок, тие средства обезбедуваат клучна поддршка за одржливоста на организацијата. Сопствени приходи се остварени во вкупен износ од 88.922.




Извори на финансирање	Приходи (МКД)
Проект на УСАИД „Партнерства за донирање“ – Национална филантропија	11,340,673.00
Проект на УСАИД „Здружи се за заедницата“ – Локална филантропија	18,160,798.00
Техничка и интегрирана заштита на лични податоци - градење инклузивен дигитален екосистем (ПД БИДЕ), финансиран од Европската Унија преку Фондација Метаморфозис	819,556.00
SDG's Partnerships - Leave no one behind, Republic of North Macedonia, поддржано од ГИЗ	176,737.00
Поддршка на државата во усогласување на Препораката 8 на ФАТФ за непрофитните организации, финансиран од ГИЗ преку Human Security Collective	606,925.00
Унапредување на меѓународната соработка, пристапот до финансиски услуги и добро владеење во процесите на спречување перење пари и финансирање тероризам, поддржан од Европскиот центар за непрофитно право	1,206,783.00

Регионални консултации и извештај за влијанието на политиките за спречување на тероризмот врз граѓанското општество во Централна и Источна Европа, финансиран од Обединетите нации	1,309,818.00
Донации од физички лица	837,472.00
Донации од компании	293,000.00
Приходи од донации за граѓански организации	31,570.00
Приходи од сопствена дејност	88,922.00
Приходи од камати и позитивни курсни разлики	210,083.00
Приходи од надомест на патни и режиски трошоци	34,423.00
Пренесен вишок од минатата година	13,212,890.00
Останати приходи	0.00
Вкупно	**48,329,650.00**

Во организацијата до 31.07.2023 год. на полно работно време беа вработени 6 лица. Од 01.08.2023 год. тимот се зголеми за уште двајца вработени на полно работно време. Во декември тимот се состоеше од 7 вработени.

Просечната месечна бруто плата за 2023 на извршната директорка изнесуваше 117.509 денари. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:1,85, додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,37.



Нашите донатори

Им благодариме на сите што донираа директно на Конект. Нашите донатори ни овозможија да ја следиме нашата мисија и да постигнеме успеси во 2023 година. Успесите на Конект се и ваши!

УСАИД Северна Македонија

Европска Унија

ГИЗ – Германското друштво за меѓународна соработка

Европски центар за непрофитно право (ЕЦНЛ)

Христијан Ѓоргиевски

ЕВН Македонија

Амбрела

Уника лајф АД

Сава пензиско друштво АД

Титан Цементарница Усје АД

Фармахем

БКС Компани АД

Халк банка

Везе Шари

Image PR

East Gate Mall

Intermezzo Music Bar

Фондација ТЕЛЕКОМ

Никола Булески

Никола Ефтимов

Катерина Тошева

Лидија Георгиева

Milkbrides - Антонија Гугинска

Ирина Тошева

JZJ – Златко Јовановски

Наталија Терзија

Alshar by Силвија Михајловска

Росица Мршиќ

Симон Ендровски (Bella)

Тања Кокев

СКАЛА - Школа за дизајн

Скопска пивара

Фондација Малиќи

Шато Сопот

Дуна

Лингва експерт

Кафе бар Че

Тања Хафнер Адеми

Драгица Пановска

Весна Ангеловска Иванова

Биљана Величковска

Анита Палческа

Благодарност и до над 100 сограѓани/ки кои донираа за организациите што ги поддржавме преку донаторскиот кружок и „Денови за донирање“.

За Конект

15 години посветено го градиме потенцијалот на Република Северна Македонија да се развива потпирајќи се на локалните ресурси и капацитети. Знаеме дека донирањето, општествената одговорност и заедничката соработка имаат моќ да обликуваат подобро општество во кое секој може да биде активен учесник во процесите на развој. Затоа, работиме со и за граѓаните, семејствата што донираат, непрофитните организации, бизнисите и институциите во области каде заеднички можеме да направиме значителна разлика.

Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Ние сме клучна алка на поврзување на оние што сакаат да го поттикнат одржливиот развој. Служиме со својата специфична експертиза, услуги и влијателни програми што ги следат потребите на нашите корисници и на заедниците. Знаењето го збогатуваме преку нашето членство и основање на значајни тукашни и меѓународни иницијативи, мрежи, тела, комори итн.

За повеќе информации и соработка, Конект е тука за вас. Контактирајте нé за заедно со вас, да изградиме подобри и одржливи заедници.

ул. „Ристо Шишков“ 12-1/4
1000 Скопје, Северна Македонија
тел: +389 2 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk

www.konekt.org.mk

www.donirajpametno.mk

www.bezkorupcija.mk

www.sdgs.mk